**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1927/1
29.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Струга

## Содржина

**Вовед** ........................................ 3
**Програмска понуда, структура на населението и потенцијал на пазарот** ........................................ 4
**Заклучок** ........................................ 7

# Вовед

Во јануари 2025 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше доставено барање од заинтересирана страна за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за говорно–музичко радио со претежно информативен општ формат на подрачјето на Општина Струга. Во барањето, подносителот наведува дека потребата од отворање ново радио е *„со цел обезбедување плурализам и разновидност на програмската понуда, особено поради тоа што на публиката ќе и понудиме информации од локален карактер*“, додавајќи дека „*нашата нова радио програма е дизајнирана да ги опфати интересите и потребите на сите возрасни групи*“.

Имајќи го предвид ова, како и важноста на локалните медиуми за редовно информирање на локалното население за настани од значење за подрачјето во кое емитуваат програма, Агенцијата ја изработи оваа студија за да утврди дали постои оправданост за отворање нова радиостаница на подрачјето на Општина Струга.

Според податоците добиени од Агенцијата за електронски комуникации во февруари 2025 година, слободни радиофреквенции на подрачјето на Струга има, а начелните технички параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на Струга се:

- Можна локација на предавател: Вишни;
- Ефективна иззрачена моќност: 500W;
- Фреквенција: 104.2 MHz.

## Програмска понуда, структура на населението и потенцијал на пазарот

### *Програмска понуда*

Дозвола да емитува радиопрограма на подрачјето на Општина Струга има самo една радиостаница – РА Плеј, чиј целосен назив е Друштво за телекомуникации и радиодифузија ПЛЕЈ РАДИО Струга ДООЕЛ.

Станува збор за говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, кое говорниот дел го емитува на македонски јазик. Во програмскиот концепт[1] доставен кон Пријавата во 2014 година, оваа радиостаница пријавила дека во текот на една недела ќе емитува 27 часа говорни содржини (од кои 16 часа програма со информативна функција, еден час програма со образовна функција и десет часа програма со забавна функција). Пријавени видови програми со информативна функција се вести/дневници (два часа неделно), актуелно-информативна програма (пет часа), информативно-забавна програма (четири часа), инфо-сервис (два часа) и информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки (три часа). Програмските содржини што ја исполнуваат образовната функција, во времетраење од еден час во неделата, пријавено е дека ќе биде документарна програма, а десетте часа забавна програма ќе се состојат од забавно-информативна програма (четири часа во текот на една недела) и по два часа забавно-образовна програма, спортска програма и друга забавна програма. Согласно Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување (бр. 03-1239/1 од 24.03.2025 година), радиостаницата во 2024 година емитувала говорни содржини исто колку што пријавила во 2014 година – 27 часа неделно, со мало отстапување во однос на структурата на говорниот дел по функции - емитувала 15 часа и 30 минути неделно говорни содржини кои исполнуваат информативна функција, три часа содржини со образовна функција и осум часа и 30 минути содржини со забавна функција. Оваа радиостаница пријавила и дека ќе емитува по 10 часа неделно програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на Струга, и тоа пет часа програми со информативна функција и пет часа со забавна функција. Во 2024 година, во периодот од 10:00 до 14:00 часот секој работен ден ја емитувала емисијата „Плеј Кафе“, која е со претежно локален, информативен и забавен карактер. РА Плеј емитува исклучиво популарна (забавна) музика, во времетраење од 126 часа неделно, а најголемо учество во структурата на емитуваната музика во текот на една недела има поп музиката (57%).

[1] Програмските концепти за радио програмските сервиси се достапни на веб страницата на АВМУ, на следниот линк: Програмски концепт за радио програмските сервиси – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

До август 2024 година, на подрачјето на Општина Струга програма емитуваше и радиостаницата Ррапи, и тоа говорно-музичко радио од општ формат на албански јазик. Дозволата на оваа радиостаница престана да важи по сила на закон, откако писмено ја извести Агенцијата дека престанува да емитува програма. До 2021 година дозвола да емитува радиопрограма имаше и радиостаницата 102 (музичко-говорно радио од општ формат на македонски јазик), кое исто така престана да емитува програма, а до 2020 година емитуваше уште една радиостаница – Дрини (музичко-говорно радио од општ формат на албански јазик), на која дозволата и беше одземена поради тоа што не ја исполни обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за радиоемитување. Претходните години во Струга програма емитуваа и РА Ди-Џеј (дозволата беше одземена во 2016 година) и РА Енерџи (дозволата беше одземена во 2014 година).

***Број и структура на населението (потенцијална публика)***

Според податоците од Пописот на населението од 2021 година[2], вкупното резидентно население во Струга изнесува 50.980 жители, од кои 50,58% се Албанци, 29,23% Македонци, 6,81% Турци, а останатите се од другите националности или за нивната етничка припадност нема податок (поради тоа што податоците за нив се преземени од административни извори).




[2] ДЗС, Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија според изјаснувањето за етничката припадност, по пол, по општини, Попис 2021, достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__NaseleniePopis2021__EtnoKulturniKarakteristiki/T1008P21.px/, (пристапено на 16.04.2025 година)

***Потенцијал на пазарот (потенцијални огласувачи)***

Бројот на активни деловни субјекти на подрачјето на Струга[3] во 2023 година (ова се последни достапни податоци) изнесувал 2.232 правни лица, што ја вбројува во општините со позначаен пазарен потенцијал (само седум општини имаат повеќе активни деловни субјекти).

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Број на активни деловни субјекти | 2.080 | 2.159 | 2.232 |

[3] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/425_Delovni_Reg_Ops_NACE_ml.px/

## Заклучок

Радиопрограма во Струга емитува само една радиостаница (РА Плеј), која говорниот дел од програмата го емитува на македонски јазик. Според последниот Попис на населението во РС Македонија што беше спроведен во 2021 година, над половина од жителите на Струга (50,58% или во апсолутен број 25.785 жители) се од албанска етничка припадност. Од овие причини, притоа имајќи предвид и дека Струга е една од општините со позначаен потенцијал на пазарот (бројот на активни деловни субјекти изнесува 2.232), потребно е да се доделиа дозвола на радиостаница што ќе ги задоволи програмските потреби на ова население. Двете радиостаници што емитуваа програма на албански јазик во Струга престанаа со емитување програма (РА Ррапи во 2024 година, а РА Дрини во 2020 година). За да се овозможат услови за подобро работење, пред сè преку достапност до поголем дел од публиката и пристап до поголем број огласувачи, дозволата треба да се додели за емитување на програмата на албански и на македонски јазик . Оттука, заклучокот е дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Струга, и тоа за програмски сервис говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански и на македонски јазик.** Ова значи дека од 15% до 25% од вкупно емитуваната програма во текот на една недела, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација, треба да бидат говорни содржини, кои исполнуваат претежно информативна функција што не смее да биде застапена со помалку од 50% ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една недела.

